Уп. Бр.08-157/2022

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Софтлајн Холдинг Плц, со седиште на адреса Коста Цхараки 11, стан/канцеларија 302, 3041 Лимасол, Кипар преку Адвокатско Друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 29.12.2022 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата која се однесува на стекнување на директна контрола од страна на Софтлајн Холдинг Плц, со седиште на адреса Коста Цхараки 11, стан/канцеларија 302, 3041 Лимасол, Кипар над Њу Фронтир Холдинг ГМБХ, со седиште на адреса Обере Амтсхаусагге 16/5, 1050 Виена, Австрија, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата  за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на 01.12.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) е доставено известување за концентрација од Софтлајн Холдинг Плц, со седиште на адреса Коста Цхараки 11, стан/канцеларија 302, 3041 Лимасол, Кипар, со која Софтлајн Холдинг Плц ќе стекне директна контрола над Њу Фронтир Холдинг ГМБХ, со седиште на адреса Обере Амтсхаусагге 16/5, 1050 Виена, Австрија и последоватено, индиректна контрола врз сите зависни друштва на Њу Фронтир Групација, по пат на купопродажба на 90% од уделите во друштвото.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Софтлајн** и нејзините зависни друштва („Софтлајн Групација“) се водечки глобален давател на решенија и услуги во дигиталната трансформација и сајбер безбедноста. Ја овозможуваат, олеснуваат и забрзуваат дигиталната трансформација за бизнисите на своите клиенти, поврзувајќи повеќе од 150.000 организации од сите сектори со повеќе од 6.000 од најдобрите даватели на услуги во ИТ секторот, покрај сопствените услуги и решенија.

<u>Софтлајн нема регистрирано присуство во Северна Македонија.</u>

**Њу Фронтир Групација** е австриска холдинг компанија чии зависни друштва се активни во ИТ секторот низ Европа, додека Њу Фронтир Групацијата работи во Централна и Источна Европа, Австралија и Северна Америка. Њу Фронтир Групација има широко портфолио кое се протега од консултантски услуги, интеграција на сеопфатни ИТ решенија и услуги, па се до сопствени производи и услуги. Како познат лидер за дигитална трансформација и партнер на повеќе од 300 од Топ 500 компании во Централна и Источна Европа, Њу Фронтир Групацијата ги поддржува своите клиенти во нивната сопствена дигитална трансформација нудејќи иновативни производи насочени кон клиентите како и консултантски услуги наменети за промена на бизнис моделите. Њу Фронтир Групацијата

обезбедува целосна поддршка за своите клиенти и ја спојува стратешката експертиза со технолошките прототипови и искуството за имплементација, осигурувајќи се за имплементација на релевантни технолошки решенија.

Њу Фронтир Групација е основана во 2006 година со цел градење на силна ИТ групација низ Централна и Источна Европа која следи стратегијата на купување и градење. Фокусот на Њу Фронтир е на компании со силен фокус на софтвер, услуги и решенија.

<u>Њу Фронтир Групацијата е индиректно присутна на македонскиот пазар преку нејзиното зависно друштво</u>:

- САГА МК ДООЕЛ Скопје, друштво со седиште на ул. Васил Главинов бр. 14/2, 1000 Скопје, Северна Македонија, зависно друштво во 100% индиректна сопственост на Њу Фронтир Групацијата („САГА МК“).

Деловните активности на САГА МК се фокусирани на полето на проектирање, инсталирање и одржување на ИТ инфраструктура за потребите на други компании. Покрај тоа, САГА МК врши деловни активности поврзани со инсталација и одржување на хардвер, одржување на ИТ опрема, развој и продажба на софтверски решенија и сервисирање на производи од други компании. САГА МК е активна и во телекомуникацискиот сектор со услуги за инсталација на кабли.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**